# ПОВИК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ

Агенцијата за супервизија на осигурување има потреба од образовни услуги од страна на едукатори, заради спроведување обука и стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето како и заради спроведување обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи, во 2018 година.
За таа цел, Агенцијата за супервизија на осигурување спроведува постапка за:

- доделување на договор за јавна набавка на образовни услуги - спроведување обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурувањето, и
- доделување на договор за јавна набавка на образовни услуги - спроведување обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи,

согласно член 17 став (1) алинеа 2 и став (3) од Законот за јавните набавки.
Еден едукатор може да се пријави најмногу за два предмети (модули) за спроведување обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување, односно најмногу за два предмети (модули) за спроведување обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи.

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНА НАБАВКА

**1. Предмет на договорот за јавна набавка на образовни услуги - спроведување обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурувањето опфаќа:**

**1.1.Спроведување на обука за вршење на работи на застапување во осигурувањето -** едукаторот има обврска да одржи предавање за определен модул со времетраење од 3 наставни часа, согласно Наставната програма за полагање на стручен испит за вршење на работи за застапување во осигурување која содржи 6 подрачја – модули и тоа:

Модул 1: Основи на управување со ризик и осигурување
Модул 2: Законска регулатива во областа на осигурување
Модул 3: Трговско и облигационо право
Модул 4: Застапување во осигурување и етички кодекс
Модул 5: Осигурување на живот
Модул 6: Неживотно осигурување

- Наставна програма
  http://aso.mk/dokumenti/Ispiti/obuki/PROGRAMA%20zastapnici%203.pdf
- Прирачник за полагање на стручен испит за застапници во осигурување
  http://aso.mk/dokumenti/Ispiti/Priracnik%20za%20zastapnicii%20vo%20osiguruvanjeto.pdf

**1.2.Спроведување на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето** - едукаторот има обврска за секоја едукативно – испитна сесија да изготви најмалку 30 нови прашања и нивни одговори, и 5 нови практични примери и прашања кои произлегуваат од практичните примери и нивни одговори и истите да ги внесе во единствениот електронскиот

систем за полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурувањето од соодветниот модул.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка на образовни услуги - спроведување обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи, опфаќа:**

**2.1.Спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи** - едукаторот има обврска да одржи предавање за определен модул со времетраење од 3 наставни часа, согласно Наставната програма за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи која содржи 9 подрачја – модули и тоа:

Модул 1: Основи на управување со ризик и осигурување
Модул 2: Законска регулатива во областа на осигурување
Модул 3: Трговско и облигационо право
Модул 4: Посредување и етички кодекс
Модул 5: Осигурување на живот
Модул 6: Неживотно осигурување
Модул 7: Финансиски аспекти на работењето
Модул 8: Снимање на ризик и посредување при реализирање на штети
Модул 9: Реосигурување

- Наставна програма

http://aso.mk/dokumenti/Ispiti/obuki/PROGRAMA%20brokeri.pdf

- Прирачник за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи

http://aso.mk/dokumenti/Ispiti/Priracnik%20za%20brokeri_izmeni_2_izdanie_lektorirano_finalno.pdf

**2.2.Спроведување на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи -** едукаторот има обврска за секоја едукативно – испитна сесија да изготви најмалку 30 нови прашања и нивни одговори, како и 5 нови практични примери и прашања кои произлегуваат од практичните примери и нивни одговори и истите да ги внесе во единствениот електронскиот систем за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи од соодветниот модул.

**II.УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ЕДУКАТОРИ**

Едукатор кој ќе биде ангажиран за спроведување на обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување односно спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи согласно Законот за супервизија на осигурување може да биде лице кое што ги исполнува следните услови:
1. да има универзитетско образование
2. да има работно искуство од 10 години од соодветната област за која ќе држи предавање.

Како доказ за исполнување на условите едукаторите потребно е да достават:

1. Диплома или Уверение за завршено високо образование VII/1 степен на стручна подготовка или 240 ЕКТС;
2. Потврда за работно искуство од 10 години од соодветната област за која едукаторот ќе држи предавање издадена од правното лице (работодавец) каде лицето го стекнало

работното искуство, со наведување на работните задачи кои лицето ги извршувало и периодот на неговиот ангажман во правното лице;

Доколку во постапката на избор на едукатори за спроведување на обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување односно обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи се јават повеќе лица кои ги исполнуваат условите согласно Законот за супервизија на осигурување, изборот на едукатори ќе се изврши преку рангирање (бодување) на пријавените лица преку следните критериуми со утврдени бодови за секој критериум поединечно:

| | |
|---|---|
| Работно искуство од областа (за секоја година, над 10 години) | 1 |
| Работно искуство од соодветниот предмет (модул) и/или сличен предмет (модул) од Наставната програма за која лицето се пријавува да спроведе обука | 5 |
| Научно наставно звање од областа | 50 |
| Докторат од областа | 30 |
| Докторат | 25 |
| Магистратура од областа | 15 |
| Магистратура | 10 |
| Објавена книга од областа | 10 |
| Објавена монографија од областа | 6 |
| Објавен труд од областа во научно списание со импакт фактор | 8 |
| Објавен труд од областа во научно списание без импакт фактор | 4 |
| Учество на меѓународна конференција со објавен труд | 4 |
| Учество на домашна конференција со објавен труд | 3 |
| Објавени прирачници или други работни материјали од областа | 4 |
| Објавен годишник или зборник од областа | 3 |
| Објавени статии во домашни и меѓународни списанија од областа | 2 |

Како доказ за исполнување на утврдените критериуми едукаторите потребно е да достават соодветни документи (докази) за стекнато научно наставно звање, завршен повисок степен на образование, објавени книги, монографии, трудови, прирачници.

За едукатор ќе биде избрано лице кое по извршеното рангирање (бодување) согласно наведените критериуми ќе има најголем број на бодови.

**III.НАДОМЕСТ НА ЕДУКАТОРИТЕ**

Паричниот надомест на едукаторите ангажирани за спроведување на обука за полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување се утврдува во висина од 3.000 денари - нето за еден наставен час (45 минути) реализирана обука (предавање) од Наставната програма за полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување.
Паричниот надоместок за подготвено прашање и негови одговори, подготовен практичен пример и прашање кое произлегува од практичниот пример и негови одговори за стручниот испит за вршење на работи на застапување во осигурување и нивен внес во единствениот електронскиот

систем за полагање на стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување се утврдува во висина од 85 денари - нето.

Паричниот надомест на едукаторите ангажирани за спроведување на обука за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи се утврдува во висина од 3.000 денари – нето за еден наставен час (45 минути) реализирана обука (предавање) од Наставната програма за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи.
Паричниот надоместок за подготвено прашање и негови одговори, подготовен практичен пример и прашање кое произлегува од практичниот пример и негови одговори за стручниот испит за вршење на осигурително брокерски работи и нивен внес во единствениот електронскиот систем за полагање на стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи се утврдува во висина од 85 денари - нето.

**IV.КРАЕН РОК И МЕСТО ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ**

Краен рок поднесување на понудите е 15.2.2018 година до 16:30 часот.
На понудите треба да е јасно назначено:

а. за која обука и стручен испит се пријавува поднесувачот на понудата; и
б. за кој предмет (модул) се пријавува поднесувачот на понудата.

Понудите заедно со доказите за исполнување на условите согласно Законот за супервизија на осигурување како и доказите за исполување на утврдување на критериумите, треба да се достават на следната адреса:
Агенција за супервизија на осигурување
ул. Македонија бб - Палата Лазар Поп-Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје.
лице за контакт Армин Укиќ armin.ukikj@aso.mk

Агенција за супервизија на осигурување